ПИВАРА•СКОПЈЕ 1922

**Водечки принципи за добавувачи**

Како деловна организација со етички принципи, Пивара Скопје АД (Компанијата) презема одговорности за да се осигура дека нејзиното деловно работење не придонесува директно или индиректно кон злоупотреба на човековите права. Ние го користиме нашето влијание внатрешно за да се осигураме дека нашите вработени целосно ја разбираат заложбата на Компанијата за почитување на човековите права и нивните права и обврски.

Оние кои соработуваат со нас во државите во кои работиме знаат дека сме посветени на водењето на нашиот бизнис со постојан систем на вредности кои ги претставуваат највисоките стандарди за квалитет, интегритет и извонредност. Ние ги почитуваме специфичните обичаи и култура во заедниците во кои работиме. Во спроведувањето на оваа политика се стремиме кон развој на односите со добавувачи кои споделуваат слични вредности и го водат бизнисот на етички начин. Се стремиме со нашите добавувачи да постапуваме на истиот начин на кој очекуваме тие да постапуваат со нас.

Како дел од постојаниот обид да се развиваат и да се зацврстуваат нашите односи со добавувачите, ги усвоивме Водечките принципи за добавувачи на Пивара Скопје за употреба со нашите директни добавувачи. Водечките принципи за добавувачи се засноваат врз верувањето дека доброто корпоративно управување е есенцијално за нашиот долгорочен деловен успех и мора да биде рефлектирано во нашите односи и дејности на пазарот, на работното место, во животната средина и заедницата.

Задоволство ни е да работиме со добавувачите со цел да осигуриме разбирање и усогласување со барањата поставени во Водечките принципи за Добавувачи.

**Практики на работното место**

Во Пивара Скопје  ги поддржуваме практиките на фер работење, кои се конзистентни со нашата заложба за почитување на човековите права на работното место. Настојуваме:

1. Да воспоставиме цврст и директен однос со нашите вработени преку отворена и чесна комуникација.
2. Да постапуваме со нашите вработени со правичност, достоинство и почит.
3. Да се придржуваме кон важечките локални закони за работни односи, вклучувајќи ги оние кои се однесуваат на работните часови, надоместоци, дискриминација и претставување од трето лице.
4. Да понудиме разновидност на вредности во најширока смисла.
5. Да се потпираме едни на други при изведба на највисоко ниво.
6. Да ги наградиме нашите вработени сразмерно со сработеното.
7. Да обезбедиме можности за вработените да се развиваат лично и професионално.
8. Да ја осигуриме заедно со нашите вработени безбедноста на работното место.

Очекуваме од нашите добавувачи да ги следат важечките закони и сличните стандарди и принципи во државите во кои работат.

**Работна средина**

Очекуваме од нашите добавувачи да ги вреднуваат нивните вработени и изведувачи врз основа на способноста да ги вршат своите работи, а не врз основа на физичките и/или личните карактеристики или верувања, потврдувајќи го принципот за недискриминација врз основа на раса, боја, пол, религија, политичко мислење, национално потекло или сексуална ориентација.

(+389 2) 2611 314

contact.pivara.skopje@cchellenic.com

Ул. 808, Бр.12,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија

**Здравје и безбедност**
Очекуваме од нашите добавувачи да обезбедат безбедно работно место со имплементирани политики и практики со цел да го минимизираат ризикот од несреќи, повреди и изложеност на ризици за здравјето.

**Детска и принудна работа; злоупотреба на трудот**
Очекуваме од нашите добавувачи да не вработуваат никого под законската возраст за работа, ниту, пак, да овозможат физичка или друга незаконска злоупотреба или вознемирување, во која било од нивните активности.

**Ропство, Принудна работа и Трговија со луѓе**
Очекуваме од нашите добавувачи да не држат ниту едно лице во ропство или потчинетост, и да не користат принудна, задолжителна или присилна работа или пак да се вклучат во каква било форма на трговија со луѓе.

**Плати и надоместоци**
Очекуваме од нашите добавувачи да ги плаќаат нивните вработени праведно и конкурентно во однос на нивната индустрија, со целосна усогласеност со применливите локални и национални закони за плати и работа по час, како и да понудат можности вработените да ги развијат своите вештини и способности, како и да го следат принципот за исплата на еднаков надомест за работа со иста вредност и на мажите и на жените работници.

**Трети страни**
Во случај кога вработените на добавувачите законски одбрале да бидат застапувани од страна на трети лица, очекуваме нашите добавувачи да ги прифатат таквите страни доброволно и да не ги ставаат вработените во понеповолна позиција за нивното законско учество во активностите на трудовите организации.

**Слобода на здружување и колективно договарање**
Во согласност со националните и локалните закони, да се почитува правото на вработените да се придружуваат, да формираат или да не се придружуваат на синдикат, без страв од одмазда, заплашување или вознемирување. Онаму каде што вработените се претставени од страна на законски признат синдикат, да се воспостави конструктивен дијалог со нивните слободно избрани претставници и добронамерна комуникација со таквите претставници.

**Еколошки практики**
Очекуваме од нашите добавувачи да го водат бизнисот на начин на кој се заштитува и се чува животната средина. Најмалку што очекуваме од нашите добавувачи е да ги почитуваат важечките закони за животна средина, правила и прописи во сите нивни активности во државите во кои ја вршат работата.

Ги поттикнуваме добавувачите активно да работат на намалување на емисиите на стакленички гасови и на купување или производство и употреба на енергија од обновливи извори (на пример, хидроелектрични, ветерни, соларни, геотермални, биоенергија) и ефикасно користење на енергијата со намалување на отпадот/ губењето на енергијата или надградба на опрема со помала потрошувачка на енергија.

(+389 2) 2611 314
contact.pivara.skopje@cchellenic.com
Ул. 808, Бр.12,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија

Добавувачите треба да работат на начин кој обезбедува спречување на загадувањето и активно да ги прифаќаат практиките за управување со отпад, како и да ја подобрат целокупната ресурсна ефикасност на нивните операции и производи во текот на нивниот животен циклус.

Интегрирана Политика на Пивара Скопје: https://polnacasa.mk/category/izvestai/интегрирана-политика-на-пивара-скопј/

**Биодиверзитет, Уништување на шумите и Зачувување на земјиштата**
Онаму каде што е можно, добавувачите треба да избегнуваат и во секој случај да ги минимизираат влијанијата врз биодиверзитетот и уништувањето на шумите, да ги промовираат природните живеалишта и да користат практики за управување со почвата за да се избегне губење на хранливи материи, ерозија и загадување на земјиштето.

Добавувачите треба да бараат можности за зачувување на биодиверзитетот, поврзани со нивната активност.

Доколку производствените капацитети на добавувачот се наоѓаат во или се во непосредна близина на областите критични за зачувување на биодиверзитетот и одржување на функционирањето на екосистемот, добавувачот треба да ги направи сите разумни напори за да избегне каква било штета, како и да го обнови таквиот биодиверзитет и екосистеми. За повеќе информации, добавувачите можат да се информираат од Изјавата за биодиверзитет на Пивара Скопје, објавена на нашата веб-страница:

Изјава за биодиверзитет на Пивара Скопје: https://polnacasa.mk/category/izvestai/izjava-za-biodiverzitet/

**Судир на интереси**
Се очекува од вработените на Пивара Скопје секогаш да одбираат и да работат со добавувачи кои ја вршат работата или настојуваат да ја вршат работата со Компанијата на целосно непосреден, чесен начин, заснован на заслугите на таквите лица и на нивните производи и услуги, и без притоа да бара посебно внимание кон или нивните пријатели и семејства. Според тоа, вработените не треба да имаат никаков однос, финансиски или сличен, со кој било добавувач што може да е во судир или да изгледа дека е во судир со обврската на вработените да постапуваат во најдобриот интерес на Пивара Скопје. На пример, добавувачите не треба да вработат или, пак, да вршат плаќања спрема кој било вработен на Пивара Скопје во текот на која било трансакција помеѓу добавувачот и Компанијата. Пријателствата надвор од работното време се неизбежни и прифатливи, но добавувачите треба да бидат внимателни некој личен однос да не биде искористен со цел да се влијае врз деловното расудување на вработените во Пивара Скопје. Доколку вработен кај добавувачот е во семејна врска (сопружник, родител, брат или сестра, дедо или баба, дете, внук/а, свекор или свекрва) со вработен во Пивара Скопје, или доколку добавувачот има друг однос со вработен во Пивара Скопје што може да претставува судир на интереси, добавувачот треба да го открие овој факт на Пивара Скопје или да обезбеди вработениот на Пивара Скопје да го направи тоа.

**Подароци, оброци и забава**
На вработените во Пивара Скопје им е забрането да прифаќаат нешто повеќе од нормално деловно гостопримство од страна на добавувачи што е разумно и соодветно на околностите.

Обични деловни оброци и мали знаци на благодарност генерално се во ред, но добавувачите не треба да им понудат на вработените во Пивара Скопје прекумерни и луксузни подароци, оброци или забава што може да изгледа како несоодветно влијание. Подароците во вид на готови парични средства (кеш) или паричен еквивалент како подарок картичка, во никој случај не се дозволени. Подароците и забавата за добавувачите мора да ги поддржуваат легитимните деловни интереси на Компанијата и треба да бидат разумни и соодветни на околностите. Нашите вработени треба секогаш да бидат чувствителни во врска со правилата на нашите добавувачи за примање подароци и забава.

**Деловни и финансиски извештаи**

И добавувачите и Пивара Скопје мора да чуваат точни извештаи и записи за сите прашања поврзани со работењето на добавувачите со Пивара Скопје. Ова подразбира и соодветно евидентирање на сите трошоци и плаќања. Доколку на Пивара Скопје ѝ е наплатено времето на вработен на добавувачот, евиденцијата за работното време мора да биде целосна и точна. Добавувачите не треба да одложуваат испраќање фактура или на друг начин да овозможат промена на трошокот во друг сметководствен период.

**Поткуп и Корупција**

Пивара Скопје применува пристап на „нулта толеранција“ кон каква било форма на поткуп и корупција. Добавувачите кои дејствуваат во име на Пивара Скопје мора да ги почитуваат сите важечки закони против поткуп и антикорупција, а кои се однесуваат на поткуп на јавни службеници или приватни страни. Добавувачите мора да се усогласат со Кодексот за деловно однесување и Политиката против корупција на Пивара Скопје, што се однесуваат на трети страни и се достапни на веб-страницата на Пивара Скопје http://polnacasa.mk/category/izvestai.

Во врска со каква било трансакција како добавувач на Пивара Скопје, или на друг начин да ја вклучува Пивара Скопје, добавувачот не треба да пренесе нешто од вредност, директно или индиректно, на кој било државен/јавен службеник, вработен во компанија под владина контрола, или политичка партија со цел да се постигне некаква бенефиција или корист. Добавувачите мора да чуваат писмени сметки на сите плаќања (вклучувајќи какви било подароци, оброци, забава или нешто друго од вредност) направени во име на Пивара Скопје, или надвор од средствата обезбедени од страна на Пивара Скопје. Добавувачите мора да обезбедат копија на ваквите сметки на барање на Пивара Скопје. Пред ангажманот на трети страни кои можат да комуницираат со јавни службеници во нејзино име, Пивара Скопје спроведува длабинска анализа за таквите страни. Добавувачот веднаш ќе ги достави сите податоци и информации што може да ги побара Пивара Скопје за целите на таквата длабинска анализа против корупција.

**Заштита на информации**

Во контекст на својата соработка со Пивара Скопје, од добавувачот се очекува да се погрижи да не се случи ништо што би довело до прекршување на обврската на Добавувачот за доверливост, што добавувачот ја презел во однос на трето лице, или што би резултирало со прекршување на законите кои се однесуваат на злоупотреба на доверливите информации, знаењето или интелектуалната сопственост на која било страна. Подеднакво, сите информации доставени до добавувачот од страна на Пивара Скопје, а кои не се во јавен карактер, ќе се сметаат за доверливи и треба да се користат од страна на добавувачот само за неговата назначена цел, и да не бидат откриени на трета страна.

ПИВАРА•СКОПЈЕ 1922

**Антимонополски и Закони за конкуренција**

Од добавувачите се очекува да се натпреваруваат со интегритет ширум светот и да се усогласат со сите закони за конкуренција и антимонополски закони кои се применливи за нивниот бизнис и за нивната соработка со Пивара Скопје, вклучително и да се воздржат од вклучување во какви било незаконски активности кои може да ја ограничат конкуренцијата и да избегнат каква било акција што директно или индиректно може да доведе до незаконска соработка меѓу конкурентите, како што е одредување цена или местење на понуди.

**Одговорен Маркетинг**

Нашите брендови мора да се рекламираат и продаваат одговорно, а нашите Добавувачи, кои се ангажирани да обезбедуваат маркетинг и промотивни услуги за нашите производи, како што се рекламирањето и дигиталните агенции, мора да бидат свесни и да ги разберат принципите за одговорен маркетинг имплементирани во политиките што ги спроведува Пивара Скопје во однос на нашите брендови, како и брендовите што ги полниме или дистрибуираме во име на други сопственици на брендови. Добавувачите, исто така, треба да се погрижат персоналот или третите страни што ги ангажираат во обезбедувањето такви услуги да бидат исто така свесни и да се усогласат со нашите политики за Одговорен маркетинг.

**Заштита на информации и лични податоци**

Добавувачите треба да ги заштитат доверливите информации на Пивара Скопје. Добавувачите на кои им е обезбеден пристап до доверливи информации како дел од деловен однос не треба да ја споделат оваа информација со некој друг освен ако не се овластени да го направат тоа од страна на Пивара Скопје. Добавувачите не треба да тргуваат со хартии од вредност, или да охрабруваат други да го сторат тоа врз основа на доверлива информација добиена од Пивара Скопје. Доколку добавувачот верува дека му е обезбеден пристап до доверлива информација на Пивара Скопје по грешка, треба веднаш да го извести неговиот контакт во Компанијата и да се воздржи од понатамошна дистрибуција на информацијата.

Во таа смисла, добавувачот не треба да споделува со никого во Пивара Скопје информација поврзана со која било друга компанија доколку добавувачот е под договорна или законска обврска да не ја споделува информацијата.

Добавувачите треба да бидат усогласени со применливиот Закон за заштита на лични податоци, како и со Регулативата на Европска унија, GDPR.

**Пријавување потенцијално несоодветно однесување**

Добавувачите кои веруваат дека вработен во Пивара Скопје АД, или некој друг кој постапува во името на Пивара Скопје АД е вклучен во нелегално или на друг начин несоодветно однесување, треба да го пријави тоа. Исто така, би сакале вие, како наши добавувачи, да се чувствувате слободни да ги покренете сите прашања за усогласеност или етика со кои ќе наидете во нашата компанија и да се чувствувате уверени дека вашите загрижености ќе бидат сфатени сериозно и соодветно ќе биде постапено по истите од страна на Пивара Скопје АД. Пријавите првично треба да се изразат кон претпоставениот на вашето контакт лице во Пивара Скопје АД или кон Раководителот на Правна усогласеност на Coca-Cola Hellenic на: compliance@cchellenic.com или можете да ја користите нашата SpeakUp! Линија на: coca-colahellenic@ethicspoint.com . Односот на добавувачот со Пивара Скопје нема да биде нарушен од чесното пријавување на потенцијалното несоодветно однесување.

(+389 2) 2611 314
contact.pivara.skopje@cchellenic.com
Ул. 808, Бр.12,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија

ПИВАРА • СКОПЈЕ 1922

**Меѓународни санкции**
Очекуваме нашите добавувачи да ја почитуваат Политиката за санкции на CCHBC достапна на веб-страницата на Coca Cola Hellenic: http://www.coca-colahellenic.com, како и на веб-страницата на Пивара Скопје АД: https://polnacasa.mk/, во однос на сите санкции, ембарго, трговски ограничувања или слични или сродни барања, администрирани и / или спроведени од Стејт департмент на САД или Министерство за финансии на САД и какви било санкции или ограничувачки мерки наметнати од Советот за безбедност на Обединетите нации, Европската унија, Швајцарија, Обединетото Кралство или која било земја-членка на Европската унија или кој било друг владин орган под чија јурисдикција работи Coca Cola Hellenic, било кој нејзин снабдувач или компанија основана од Coca Cola Hellenic.

**Усогласување со важечките закони и стандарди**
Како минимум, од добавувачите на Пивара Скопје се бара да ги почитуваат следниве стандарди во однос на нивните активности како целина:

| | |
|---|---|
| **Закони и прописи** | Добавувачот ќе постапува во согласност со сите применливи закони, вклучително и применливите даночни закони, правила, прописи и барања во производството и дистрибуцијата на производи и стоки и во обезбедувањето на услуги на Пивара Скопје АД |
| **Детски труд** | Добавувачите нема да користат детски труд како што е дефинирано во локалните закони |
| **Ропство, принудна работа и трговија со луѓе** | Добавувачите нема да држат некое лице во ропство и нема да користат присилна или задолжителна работа или да се занимаваат со каква било форма на трговија со луѓе. Добавувачите нема да им наметнуваат на работниците никакви давачки за да го обезбедат нивното вработување или сместување или да ги компензираат сите трошоци што ги обезбедува добавувачот во процесот на вработување. |
| **Злоупотреба на трудот** | Добавувачите нема да го злоупотребуваат трудот, физички или на друг начин. |
| **Трети лица** | Добавувачите ќе ги почитуваат правата на вработените да бидат застапувани од трети лица (слобода на здружување) и колективно да се договараат во согласност со важечките закони (колективно договарање). Добавувачот ќе се придржува до сите важечки локални и национални закони за слобода на здружување и колективно договарање. |
| **Плати и надоместоци** | Платите и надоместоците ќе се усогласат со важечките закони. |
| **Работни часови и прекувремена работа** | Условите за работа, вклучително и работните часови и прекувремената работа, физичките и менталните барања, ќе се усогласат со важечките закони. |
| **Здравје и безбедност** | Условите за работа ќе се усогласат со важечките закони. |

| | |
|---|---|
| **Животна средина** | Добавувачот ќе работи во согласност со важечките закони за животна средина. |
| **Судир на интереси** | Вработените во Пивара Скопје и нашите Добавувачи треба да избегнуваат ситуации во кои може да дојде до конфликт на интереси. |
| **Подароци, оброци и забава** | Добавувачот може да им понуди на вработените во Пивара Скопје само такви подароци, оброци и забава кои се разумни и соодветни на околностите |
| **Деловни и финансиски извештаи** | Добавувачот ќе се усогласи со сите важечки закони во врска со финансиското водење евиденција и известување |
| **Поткуп и корупција** | Добавувачот кој постапува во име на Пивара Скопје ќе се усогласи со сите важечки антикорупциски закони, и нема да користи коруптивни или измамнички практики. |
| **Закони за конкуренција** | Од добавувачот се очекува да ги почитува сите важечки закони за конкуренција и антимонополски закони кои се релевантни и се однесуваат на нивниот бизнис, како и на нивната соработка со Пивара Скопје. |
| **Заштита на информации и лични податоци** | Добавувачот ќе ги зачува информациите што не се од јавен карактер на Компанијата или друга трета страна коишто му се откриени на добавувачот. Добавувачот ќе се усогласи со применливиот Закон за заштита на лични податоци, како и со Регулативата на Европска унија, GDPR. |
| **Санкции** | Добавувачот ќе се усогласи со применливите Меѓународни санкции |
| **Биодиверзитет и уништување на шумите** | Добавувачот треба да се придржува кон важечките закони поврзани со биодиверзитетот и прописите на ЕУ за не уништување на шумите. |

**Потврда за усогласеност**
Добавувачот мора да биде во можност да ја потврди усогласеноста со Водечките принципи за добавувачите на барање на Пивара Скопје АД.

Во случај, осмата конвенција од Меѓународната организација на трудот да има поставено повисоки стандарди во однос на локалниот закон, добавувачот мора да ги исполнува барањата од Меѓународната организација-на трудот (International Labour Organization - ILO). Овие барања треба да бидат дел од сите договори склучени меѓу Пивара Скопје АД и директните добавувачи. Ние очекуваме нашите добавувачи да имплементираат соодветен интерен процес на работење што ќе осигура усогласеност со овие принципи за добавувачите.

Пивара Скопје АД соработува со The Coca-Cola Company, каде се користи трета страна да ја оцени усогласеноста на добавувачот со водечките принципи за добавувачите. Оценувањето вклучува доверливи интервјуа со вработените во редовен работен однос и со вработени ангажирани со други видови на договори.

Доколку добаувачот не успее да се придржува кон било кој од барањата кои произлегуваат од принципите за добавувачите, од добавувачот се очекува да превземе соодветни корективни активности. Пивара Скоје АД го задржува правото да го  раскине договорот со било кој добавувач кој неможе да ја потврди усогласеноста со барањата кои произлегуваат од Принципите за добавувачите.

***

Издание Мај 2023 година